СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# НАЦИОНАЛНИ ТЕЛА И ИНСТИТУЦИИ НАДЛЕЖНИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И ИЗНОС НА НАДОМЕСТОКОТ НА НИВНИТЕ ЧЛЕНОВИ

- компаративен преглед-

Александра Стојановска Бизевска

Советник- истражувач по владеење на правото и демократијата

септември, 2022 година

## СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ........ 2
ВОВЕД........ 3
I. Република Северна Македонија........ 3
II. Република Србија ........ 6
III. Република Хрватска ........ 8
IV. Република Словенија ........ 9
V. Република Албанија ........ 11
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ........ 14

**РЕЗИМЕ**

Со оваа истражувачка работа која опфаќа **5 држави: Северна Македонија, Србија, Хрватска, Словенија и Албанија**, се анализираат надлежните тела и институции одговорни за организација на високото образование, како и износот на надоместокот на членовите. Во РСМ надлежни тела за високото образование се Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и Агенцијата за квалитет во високото образование, во Република Србија надлежен е Националниот совет за високо образование, во Република Хрватска надлежни се две институции, и тоа: Националниот совет за наука, високо образование и технолошки развој и Агенцијата за наука и високо образование, во Република Словенија надлежна е Агенцијата за обезбедување на квалитет и развој на консултантската работа во високото образование и во Република Албанија надлежна е Агенцијата за обезбедување квалитет во високото образование. **Заедничко за сите држави** и нивните соодветни надлежни тела во областа на организациските процеси и утврдување на нормите и стандардите на високото образование, е тоа што сите тие се **предвидени со националните закони за високо образование**. **Целта** за формирање на ваквиот вид национални совети и агенции, **е заедничка за сите**, а нивната основна дејност е **следењето на развојот на високото образование и неговата усогласеност со европските и меѓународните стандарди.** Истовремено се задолжени за воспоставување на критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност, воспоставување на нормативи и стандарди за формирање на високо-образовни институции, изготвување на програми за високо-образовните институции, изготвување на правилници за научните звања и сл. Карактеристично е тоа што, покрај сличностите на организациска поставеност на советите, и нивите надлежности, сите се разликуваат во финансиските надоместоци, како различни основи за финансиски надоместок. Во **Србија** член на Националниот совет има право на месечен надоместок во висина од **1,5 просечна месечна плата** по вработен во државата, без даноци и придонеси. Во **Хрватска** месечен надоместок за претседателот на Советот изнесува **2000 куни** (16.394,7 денари), додека на потпретседателот и членовите изнесува **800 куни** (6.557,9 денари). Во **Словенија** за редовна седница, надоместокот за претседателот е **300 евра** (18.448,7денари), додека износ за дописна седница е **90 евра** (5.534,6 денари). Надоместокот за редовна седница за член на Советот е **225 евра** (13.836,5 денари), а пак надоместокот за член за дописна седница е **60 евра** (3.689,7 денари). Во **Албанија** надоместокот за член на Советот, кој е и државјанин на државата, изнесува **30.000 леќи** (15.789,8 денари), додека доколку членот на Советот е странски државјанин, надоместокот **изнесува 600 евра** (37.042,1 денари). Претседателот на Советот, државјанин на државата, зема **30% повеќе од членот државјанин, а претседателот странски државјанин, зема, исто така 30% повеќе од членот странец.** За Република Северна Македонија немаше достапен податок за износ на надоместокот на претседателот и членовите на Националниот совет, поради сè уште неутврдениот трошковник од страна на Собранието на Република Северна Македонија (информација добиена по основ на доставено барање за информација од јавен карактер, до член и претседателот на Националниот совет).

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа се надлежностите и формата на организација на соодветни формирани институции и тела, во областа на високото образование и научно- истражувачката дејност. Со истражувањето се опфатени следните држави: Северна Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, и Албанија. Методолошки, за потребата на истражувањето се користени деловниците за работа на националните тела надлежни за организацијата на високото образование, Законите за високо образование, како и нивните официјални интернетски страници. Ваквите работни тела се различно поставени, организирани и структурирани во секоја држава засебно, но сите од нив се со слични, или дополнети надлежности во делокругот на својата работа. Истовремено, се уредува и прашањето висината на финансиски надоместок на претседателите и членовите на соодветните тела и совети. Единствено за Северна Македонија, немаше јавно достапен и утврден износ на паушал на членовите на Националниот совет за високо образование, бидејќи предлог-одлуката за одредување на висината на надомест на претседателот и членовите на советот, сè уште е во собраниска процедура.

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива** на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I. Република Северна Македонија

**Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност** е предвиден со Законот за високо образование на Република Северна Македонија.[1] Како самостоен стручен орган, составен е од 15 члена кои ги избира Собранието. Мандатот на членовите на Националниот совет е 4 години без право на повторен избор.[2] Надлежностите кои ги има Националниот совет се следните:

- го следи развојот на високото образование и неговата усогласеност со европските и меѓународните стандарди;
- ја изготвува и со согласност на министерот надлежен за работите на високото образование ја предлага Националната програма за високото образование;
- донесува Правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност;
- донесува Правилник за содржината на студиските програми;
- предлага Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование;
- предлага Уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите;

[1]Оддел 2, член 41 од Законот за високо образование на РСМ https://mon.gov.mk/page/?id=2055 – пристапено на 13.6.2022 година
[2]Оддел 2, член 42, став 1 и 3 од Законот за високо образование на РСМ https://mon.gov.mk/page/?id=2055 пристапено на 13.6.2022 година

- донесува Правилник со кој се утврдуваат стручните и научните називи;
- донесува Правилник за содржината и формата на извештајот за работата на ректорот;
- донесува четиригодишна и годишна програма за работа;
- утврдува електронски бази на списанија;
- ја изготвува и со согласност на министерот надлежен за работите на високото образование ја предлага за усвојување Националната програма за научно-истражувачка дејност;
- донесува Правилник за нормативите и стандардите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност;
- предлага уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност, која ја донесува Владата на Република Македонија и сл.[3]

Националниот совет еднаш годишно поднесува извештај за својата работа до Собранието.[4] Надоместокот за работата и за трошоците на членовите на Националниот совет и за работните тела/комисии, го утврдува Собранието, врз основа на присуство на седници и/или обем и сложеност на извршени работи.[5] Согласно одговорот, добиен по доставено барање за информација од јавен карактер за износот на надоместокот за работата на Советот, испратено до член и до претседател на Националниот совет, тоа не е исплатен по ниеден основ за нивната работа. Советот постои од јуни 2021 година, а има одржано 17 седници, со донесени акти од значаен карактер. Причината за неисплата на нивните надоместоци, е сè уште неутврдениот трошковник, а кој треба да биде изгласан на седница на Собрание на РСМ. На 30.5.2022 година, до пратениците на Собранието на РСМ, доставен е Предлог на одлука за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и членовите на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и на претседателот и членовите на работните тела/комисии. Предлогот е доставен од страна на група пратеници.[6] Со одлука по овој предлог се утврдуваат висината на надоместокот на претседателот и членовите на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и на претседателот и членовите на работните тела/комисии формирани од Националниот совет. Како предлог-одлука е следната пресметка:

- за присуство на најмалку на една седница на Националниот совет на член на Националниот совет му се утврдува надоместок во висина од 8.500,00 денари во нето-износ по седница, но не повеќе од 17.000,00 денари во нето износ месечно;
- за обем и сложеност на извршени работи на претседателот на Националниот совет му следува месечен надоместок од 15.000,00 денари во нето-износ;

[3]Оддел 2, член 43 од Законот за високо образование на РСМ https://mon.gov.mk/page/?id=2055 пристапено на 13.6.2022 година
[4]Оддел 2, член 44, став 9 од Законот за високо образование на РСМ https://mon.gov.mk/page/?id=2055 пристапено на 13.6.2022 година
[5]Оддел 2, член 44 од Законот за високо образование на РСМ https://mon.gov.mk/page/?id=2055 пристапено на 13.6.2022 година
[6] Интернетска страница на Собрание на Република Северна Македонија https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=a875d162-583f-4fea-8610-222af2c6fab9 пристапено на 30.8.2022 година

- за обем и сложеност на извршени работи на членовите на Националниот совет им следува месечен надоместок од 12.000,00 денари во нето-износ.[7]

**Агенцијата за квалитет во високото образование е самостоен стручен орган**, предвиден со Законот за високо образование, а во насока на обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот на високото образование.[8] Органи на АКВО се: Одбор за акредитација на високото образование, Одбор за евалуација на високото образование и Директор на Агенцијата за квалитет на високото образование.[9]

Надлежности кои ги има Одборот за акредитација се следните: [10]

- утврдува дали со проектот за основање на високообразовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа;

- донесува решение за акредитација на проектот за основање на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа;

- донесува решение за акредитација на проектот за основање на единица на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа;

- одлучува за акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии;

- утврдува исполнетост на условите за организирање на студии за нови студиски програми на високообразовната установа и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа;

- одлучува за акредитација на студиски програми за период од пет студиски години;

- одлучува за акредитација на ментори на докторски студии;

- врз основа на извештаите од надворешната евалуација на високообразовните установи, ја следи исполнетоста на условите на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и одобрение за почеток со работа и врз основа на тоа може да ја одземе акредитацијата;

- донесува решение за одземање на дадена акредитација по спроведена постапка за одземање на правото за вршење на високообразовна дејност согласно закон;

- води евиденција за акредитираните високообразовни установи и за други акредитации која задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет;

[7] Член 2 од одлука за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и членовите на националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност и на претседателот и членовите работните тела/ комисии (Документот достапен на https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=a875d162-583f-4fea-8610-222af2c6fab9 ) пристапено на 30.8.2022 година
[8] Член 40, став 2 од Законот за високо образование (Документот достапен на https://www.akvo.mk/regulativa.php) пристапено на 31.1.2023 година
[9] Интернетска страна на Агенцијата за квалитет во високото образование- https://www.akvo.mk/about.php пристапено на 31.1.2023 година
[10] Член 48 од Законот за високо образование (Документот достапен на https://www.akvo.mk/regulativa.php) пристапено на 14.02.2023 година

- дава препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност;

- предлага до Националниот совет Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми;

- остварува меѓународна соработка во својата област;

- изготвува образец за поднесување на проектот за основање на самостојна јавна, приватно- јавна или приватна високообразовна установа;

- изготвува образец на елаборат за акредитација на студиски програми;

- врши други работи утврдени со закони со друг пропис.

Одборот за акредитација е составен од петнаесет члена. Членовите се именуваат за период од четири години, без право на повторен избор.[11]

Надлежности кои ги има Одборот за евалуација на високото образование се следните: [12]

- Врз основа на извештајот на комисиите за евалуација на високообразовните установи ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток со работа;
- Го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручна работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми најмалку на секои пет години и врз основа на тоа му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата;
- Предлага Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација до Националниот совет за високо образование;
- Дава препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност;
- Врши и други работи согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и за самоевалуација;
- Врши и други работи утврдени со Закон.

Одборот за евалуација е составен од петнаесет члена. Членовите се именуваат за период од четири години, без право на повторен избор.[13]

## II. Република Србија

**Националниот совет за високо образование** се предвидува со Законот за високо образование и се формира за да обезбеди развој и подобрување на

[11] Член 47, став 2 и став 5 од Законот за високо образование (Документот достапен на https://www.akvo.mk/regulativa.php) пристапено на 14.02.2023 година
[12]Член 53 од Законот за високо образование (Документот достапен на https://www.akvo.mk/regulativa.php) пристапено на 14.02.2023 година
[13]Член 52, став 2 и став 5 од Законот за високо образование (Документот достапен на https://www.akvo.mk/regulativa.php) пристапено на 14.02.2023 година

квалитетот на високото образование.[14] Националниот совет е составен од 17 членови, именувани од Владата.[15] Мандатот на членовите на Националниот совет трае четири години со можност за уште еден реизбор.[16] Надлежности кои ги има Националниот совет се следните: [17]

- го следи развојот на високото образование и неговото усогласување со европските и меѓународните стандарди;
- предлага до министерството надлежно за високообразовни мерки за унапредување на системот на високо образование
- дава мислење за политиката на упис на високообразовните установи;
- дава мислење во постапката за донесување прописи со кои се уредуваат прашања од значење за дејноста на високото образование;
- ѝ предлага на Владата норми и стандарди за работа на високообразовните установи, како и материјални средства за нивна реализација, според добиеното мислење од Конференцијата на универзитетите и Конференцијата на академиите и високообразовните установи;
- одлучува во втор степен по жалби во постапката за акредитација, по предлог на Комисијата за жалби што ја формира за секоја поединечна жалба;
- ги утврдува стандардите за почетна акредитација на предлог на Националното тело за акредитација;
- ги утврдува стандардите и постапката за акредитација на високото образование;
- ги утврдува стандардите и постапката за акредитација на студиските програми предложени од Националното тело за акредитација;
- ги утврдува минималните услови за избор во звање наставник, на предлог на Конференцијата на универзитетите, односно Конференцијата на академиите и високообразовните установи и сл.

Средствата за работата на Националниот совет и неговите работни тела се обезбедуваат во Буџетот на Републиката и за својата работа одговара пред Владата на државата.[18] Член на Националниот совет има право на месечен надоместок во висина од 1,5 просечна месечна плата по вработен во Србија, без даноци и придонеси, според последните објавени податоци на републичкиот

[14]Интернетска страна на Националниот совет за високо образование на Србија http://nsvo.gov.rs/%d0%be-%d0%bd%d1%81%d0%b2%d0%be-2/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b8-%d0%bd%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b8-%d0%b7%d0%b0-%d1%80%d0%b0%d0%b4-%d0%bd%d1%81%d0%b2%d0%be/ (Закон за високо образование) пристапено на 13.6.2022 година

[15]Глава 2, член 11 од Законот за високо образование на Србија http://nsvo.gov.rs/wp-content/uploads/2020/02/Zakon-o-visokom-obrazovanju_-88_2017-41-27_2018-3-dr.-zakon-73_2018-7-67_2019-3-6_2020-3-dr.-zakon-6_2020-20-dr.-zakon.pdf пристапено на 13.6.2022 година

[16]Глава 2, член 11, став 4 од Законот за високо образование на Србија http://nsvo.gov.rs/wp-content/uploads/2020/02/Zakon-o-visokom-obrazovanju_-88_2017-41-27_2018-3-dr.-zakon-73_2018-7-67_2019-3-6_2020-3-dr.-zakon-6_2020-20-dr.-zakon.pdf пристапено на 13.6.2022 година

[17]Глава 2, член 12 од Законот за високо образование на Србија http://nsvo.gov.rs/wp-content/uploads/2020/02/Zakon-o-visokom-obrazovanju_-88_2017-41-27_2018-3-dr.-zakon-73_2018-7-67_2019-3-6_2020-3-dr.-zakon-6_2020-20-dr.-zakon.pdf пристапено на 13.6.2022 година

[18]Глава 2, член 13 од Законот за високо образование на Србија http://nsvo.gov.rs/wp-content/uploads/2020/02/Zakon-o-visokom-obrazovanju_-88_2017-41-27_2018-3-dr.-zakon-73_2018-7-67_2019-3-6_2020-3-dr.-zakon-6_2020-20-dr.-zakon.pdf пристапено на 13.6.2022 година

орган задолжен за статистика. Овие давачки ги плаќа Министерството за образование, наука и технолошки развој, бидејќи НСВО нема своја сметка.[19]

## III. Република Хрватска

**Националниот совет за наука, високо образование и технолошки развој[20] и Агенцијата за наука и високо образование** на Република Хрватска, се двата органи надлежни во областа на високото образование, наука, како и технолошкиот развој.[21]

Согласно Законот за научна дејност и високо образование, Националниот совет за наука, високо образование и технолошки развој е највисокото стручно тело одговорно за развојот и квалитетот на целокупната научна дејност и систем на науката, високото образование и технолошкиот развој во Република Хрватска.[22] Додека, Агенцијата за наука и високо образование е задолжена за спроведување на административните и стручните работи на Советот.[23] Членовите на Националниот совет за наука, високо образование и технолошки развој и нивните претседатели ги именува Парламентот на предлог на Комисијата за образование, наука и култура на хрватскиот парламент, земајќи ја предвид застапеноста на претставници од науката и уметноста и регионите, а ги потврдува Владата на Хрватска.[24] Мандатот на претседателот и членовите на Националниот совет за наука, високо образование и технолошки развој е четири години.[25] Надлежности кои ги има Националниот совет се следните:[26]

- предлага и поттикнува донесување мерки за унапредување на високото образование;
- дава согласност за условите на Ректорското собрание и Советот на политехничките факултети и факултетите за стекнување на научно-наставни, уметничко-наставни и наставни звања;
- со општ акт ги определува условите за стекнување научни звања согласно Законот за научна дејност и високо образование;

[19]Извештај за работата на Националниот совет за период од април 2018-децембар 2018 http://nsvo.gov.rs/wp-content/uploads/2019/02/Informator-NSVO-2018.docx-11-januar-2019.pdf пристапено на 13.6.2022 година
[20]Интернетска страна на Националниот совет за наука, високо образование и технолошки развој на Хрватска https://www.nvzvotr.hr/ пристапено на 14.6.2022 година
[21]Интернетска страна на Агенцијата за наука и високо образование https://www.azvo.hr/hr/ пристапено на 14.6.2022 година
[22]Интернетска страна на Агенцијата за наука и високо образование на Хрватска https://www.azvo.hr/hr/o-nama/propisi/pravni-okvir (Глава два, член 6, став 1 од Законот за научна дејност и високо образование на Хрватска) пристапено на 14.6.2022 година
[23]Глава 2, член 13, став 7 од Законот за научна дејност и високо образование на Хрватска- https://www.zakon.hr/z/320/Zakon-o-znanstvenoj-djelatnosti-i-visokom-obrazovanju пристапено на 14.6.2022 година
[24]Глава 2, член 11, став 1 и 3 од Законот за научна дејност и високо образование на Хрватска- https://www.zakon.hr/z/320/Zakon-o-znanstvenoj-djelatnosti-i-visokom-obrazovanju пристапено на 14.6.2022 година
[25]Глава 2, член 9, став 4 од Законот за научна дејност и високо образование на Хрватска- https://www.zakon.hr/z/320/Zakon-o-znanstvenoj-djelatnosti-i-visokom-obrazovanju пристапено на 14.6.2022 година
[26]Глава 2, член 6, став 2 од Законот за научна дејност и високо образование на Хрватска- https://www.zakon.hr/z/320/Zakon-o-znanstvenoj-djelatnosti-i-visokom-obrazovanju пристапено на 14.6.2022 година

- со општ акт ги определува минималните услови за работа на научни, научно-наставни и уметничко-наставни звања за кои се поднесува извештај согласно Законот за научна дејност и високо образование;
- ги пропишува минималните услови на работните обврски за реизбор на научни, научно-наставни, уметничко-наставни, наставни и стручни позиции, согласно Законот за научна дејност и високо образование;
- предлага критериуми и односи за распределба на буџетски средства за научна дејност и високообразовен и технолошки развој;
- предлага мерки и презема активности за афирмација и унапредување на научната и наставната младина;
- ги именува членовите на Советот за финансирање на научната дејност и високото образование;
- разгледува и дава свое мислење за други прашања важни за развојот на системот на науката и високото образование во Република Хрватска.

**Советот за финансирање на научната дејност и високото образование** е стручно тело на Националниот совет за наука, високо образование и технолошки развој. Советот се состои од петнаесет члена, со три члена од научни институти, шест члена од универзитети, двајца членови од политехниката, двајца претставници на синдикатот и двајца претставници назначени од министерот во Советот.[27] Финансиските средства за Националниот совет ги обезбедува Министерството за наука и образование на предлог на Националниот совет, согласно законска рамка.[28]

Плата на претседател на Националниот совет изнесува 2.000 куни (16.394,7 денари) месечно, додека на потпретседатели и членови 800 куни (6.557,9 денари) месечно.[29]

## IV. Република Словенија

**Агенцијата за обезбедување на квалитет и развој на консултантската работа во високото образование** е формирана согласно Законот за високото образование од 2009 година на Словенија. Ја основа Владата на Словенија.[30] Советот на Агенцијата брои единаесет члена. Мандатот на членовите на Советот на Агенцијата е шест години. Поединечен член може да биде повторно именуван, но не повеќе од двапати по ред.[31] Надлежности кои ги има Националната агенција се следните:[32]

[27]Глава 2, член 14, став 1 од Законот за научна дејност и високо образование на Хрватска- https://www.zakon.hr/z/320/Zakon-o-znanstvenoj-djelatnosti-i-visokom-obrazovanju пристапено на 14.6.2022 година

[28]Глава 9, член 37 од Правилникот за работа на Националниот совет https://www.nvzvotr.hr/images/documents/Poslovnik%20o%20radu%20Nacionalnog%20vijeca%20za%20znanost%20visoko%20obrazovanje%20i%20tehnoloski%20razvoj.pdf пристапено на 14.6.2022 година

[29]Страна 27 од Годишниот извештај за работата на Националниот совет на Хрватска, за периодот 2019-2020 година https://www.nvzvotr.hr/images/izvjesca/Izvje%C5%A1%C4%87e%20o%20radu%20NVZVOTR%202020.pdf - пристапено на 14.6.2022 година

[30]Интернетска страна на Националната агенција за обезбедување на квалитет и развој на консултантската работа во високото образование на Словенија https://www.nakvis.si/about-sqaa/history/?lang=en пристапено на 15.6.2022 година

[31]Глава 5, член 12 од Одлуката за формирање на Националната агенција за обезбедување на квалитет и развој на консултантската работа во високото образование на Словенија http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=AKT_612 пристапено на 15.6.2022 година

[32]Глава 3, член 8 од Одлуката за формирање на Националната агенција за обезбедување на квалитет и развој на консултантската работа во високото образование на Словенија

- обезбедува функционирање на системот за обезбедување квалитет во високото образование и високото стручно образование;
- воспоставува процедури и критериуми за надворешни евалуации и акредитации и други критериуми и прописи;
- воспоставува минимални стандарди за избор во звањата на наставници по високо образование, научен кадар и високообразовен кадар на високообразовните установи;
- врши екстерна евалуација на високообразовните институции и студиските програми и стручните факултети;
- врши акредитации на високообразовни институции и студиски програми;
- издава согласности за пренамена на високообразовни установи и за измени на студиски програми;
- воспоставува и ажурира регистар на експерти;
- назначува и организира и учествува во тимови за надворешна евалуација и акредитација;
- јавно објавува одлуки на агенцијата, извештаи за евалуација, годишни извештаи за евалуација и акредитација и анализи на агенцијата, кои мора да бидат транспарентни и достапни;
- редовно испраќа извештаи за евалуација до министерството надлежно за високото образование;
- води јавно достапна евиденција за акредитираните високообразовни институции и студиски програми;
- Соработува со високообразовните институции и стручните факултети, да го советува и промовира спроведувањето на самоевалуацијата;
- соработува со меѓународни институции или тела за обезбедување на квалитетот на високото образование;
- врши усогласување на агенцијата со европските насоки и меѓународните принципи во областа на обезбедувањето квалитет;
- собира и анализира извештаи за самоевалуација и екстерни евалуации на високообразовните институции и стручните факултети;
- врши и други работи согласно Законот за високо образование.

Од 2013 година Националната агенција е вклучена во Европскиот регистар на агенции (EQAR) и е полноправна членка на Конзорциумот за акредитација на ECA, агенциите за обезбедување квалитет од Централна и Источна Европа (CEENQA - Мрежа на агенции на Централна и Источна Европа за обезбедување на квалитет во високото образование) и Меѓународната асоцијација на агенции за обезбедување квалитет (INQAAHE - Меѓународната мрежа за агенции за обезбедување квалитет во високото образование е светска асоцијација од 300+ организации активни во теоријата и практиката на обезбедување квалитет во високото образование). Од 2015 година Националната агенција на Словенија е полноправна членка на Европската асоцијација за обезбедување квалитет за високо образование (ENQA).[33]

http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=AKT_612 пристапено на 15.6.2022 година

[33]Интернетска страна на Националната агенција за обезбедување на квалитет и развој на консултантската работа во високото образование на Словенија https://www.nakvis.si/about-sqaa/history/?lang=en пристапено на 15.6.2022 година

Советот на Агенцијата е највисокото одлучувачко тело на агенцијата.[34] Комисијата за жалби е второстепено тело кое одлучува по жалби против одлуките на советот на агенцијата, во постапките за акредитација на високообразовните институции и студиските програми.[35] Износот на месечната исплата на членовите на Советот на Агенцијата, зависи од видот на извршената работа. За пресметка на исплатата се зема предвид потпишан документ за присуство на седницата, како и со потпишана изјава и изготвен извештај за завршена одредена активност.[36]

Надоместок за членовите на Советот на Агенцијата и на Комисијата за жалби е следниот:

Членови:

- Редовна седница: 225 EUR (13.836,5 денари)
- Дописна седница: 60 EUR (3.689,7 денари)

Претседател:

- Редовна седница: 300 EUR (18.448,7 денари)
- Дописна седница: 90 EUR (5.534,6 денари)

Останатите работи извршени во месецот се плаќаат паушално, без оглед на обемот на задачите што ги извршува поединецот, и тоа во износ од 75 евра (4.611,7 денари) месечно.[37]

## V. Република Албанија

**Агенцијата за обезбедување квалитет во високото образование** работи согласно Одлуката на Советот на министри и согласно Законот за високо образование и научно-истражувачка дејност. Агенцијата произлезе од реорганизацијата на Агенцијата за јавна акредитација за високо образование.[38] Во рамките на Агенцијата е формиран и работи и Одборот за акредитација.[39] Именувањето и разрешувањето на претседателот и членовите на Одборот за акредитација е со одлука на премиерот, а по предлог на одговорен министер за образование. Мандатот на членовите на овој Одбор е 4 години.[40] Надлежности кои ги има Агенцијата се следните:

[34] Интернетска страна на Националната агенција за обезбедување на квалитет и развој на консултантската работа во високото образование на Словенија https://www.nakvis.si/about-sqaa/agency-council/?lang=en пристапено на 15.6.2022 година

[35] Интернетска страна на Националната агенција за обезбедување на квалитет и развој на консултантската работа во високото образование на Словенија https://www.nakvis.si/about-sqaa/appeal-committee/?lang=en пристапено на 15.6.2022 година

[36] Глава 7, член 28, параграф 3 од Правилникот за работа на Агенцијата https://www.nakvis.si/about-sqaa/agency-council/?lang=en пристапено на 15.6.2022 година

[37] Анекс 1 од Правилникот за работа на Агенцијата https://www.nakvis.si/about-sqaa/agency-council/?lang=en пристапено на 15.6.2022 година

[38] Интернетска страна на Агенцијата за обезбедување квалитет во високото образование на Албанија https://www.ascal.al/en/about-us/mission-and-activity пристапено на 15.6.2022 година

[39] Член 13 (стр.5) од Одлуката на министри за организацијата и функционирањето на осигурување на квалитет на Агенцијата за високо образование и одборот за акредитација и определување на надоместоците за процесите за оградување на квалитет во високото образование на Албанија https://www.ascal.al/media/documents/legjislacioni/No.%20109,%20dated%2015.02.2017.pdf пристапено на 15.6.2022 година

[40] Член 15 од Одлуката на министри за организацијата и функционирањето на осигурување на квалитет на Агенцијата за високо образование и одборот за акредитација и определување на надоместоците за процесите за оградување на квалитет во високот образование на Албанија

- помага во воспоставувањето и функционирањето за обезбедување квалитет на високообразовните установи, согласно Кодексот за квалитет. Соработува со повисоките образовните институции и одржува континуирани односи со истите;
- соработува со одговорното министерство за образование за подготовка на национални програми и нивно ажурирање;
- му предлага на одговорниот министер за образование измени на законската рамка од областа на обезбедување квалитет во високото образование;
- администрира со електронската база на податоци во функција на следење на процесот и квалитетот;
- соработува и ја координира својата активност со соодветните агенции, како дел од (ENQA) и/или Европски регистар за обезбедување квалитет за високото образование (EQAR);
- соработува и координира со Националната агенција за истражување и иновации, вклучително и резултатите од евалуацијата на научноистражувачката дејност и сл.[41]

Членовите на Одборот за акредитација добиваат плата за секое учество на состанокот за не повеќе од 9 состаноци во текот на една календарска година.[42] Висината на надоместокот за членовите е следниот:[43]

а) членовите државјани имаат надомест во износ од 30.000 леки (15.789,9 денари);

б) членови од друга држава имаат надомест во износ од 600 евра (36.898,9 денари);

в) во случај кога претседателот е државјанин, има надомест во износ до 30% повеќе од другите државјани членови;

г) во случај кога претседателот е странец, има надомест во износ до 30% повеќе од членови кои се странци.

За претседателот и членовите на Одборот за акредитација, странски и државјани на Албанија, со постојан престој надвор од Албанија, покриени се

https://www.ascal.al/media/documents/legjislacioni/No.%20109,%20dated%2015.02.2017.pdf пристапено на 15.6.2022 година

[41]Член 11 од Одлуката на министри за организацијата и функционирањето на осигурување на квалитет на Агенцијата за високо образование и одборот за акредитација и определување на надоместоците за процесите за оградување на квалитет во високото образование на Албанија https://www.ascal.al/media/documents/legjislacioni/No.%20109,%20dated%2015.02.2017.pdf пристапено на 15.6.2022 година

[42]Член 26 од Одлуката на министри за организацијата и функционирањето на осигурување на квалитет на Агенцијата за високо образование и одборот за акредитација и определување на надоместоците за процесите за оградување на квалитет во високото образование на Албанија https://www.ascal.al/media/documents/legjislacioni/No.%20109,%20dated%2015.02.2017.pdf пристапено на 15.6.2022 година

[43]Член 27 од Одлуката на министри за организацијата и функционирањето на осигурување на квалитет на Агенцијата за високо образование и одборот за акредитација и определување на надоместоците за процесите за оградување на квалитет во високото образование на Албанија https://www.ascal.al/media/documents/legjislacioni/No.%20109,%20dated%2015.02.2017.pdf пристапено на 15.6.2022 година

патните и сместувачките трошоци во Албанија, не повеќе од три календарски дена за секој состанок.[44]

Странски експерти, кои се занимаваат со надворешна евалуација на институции и студиски програми во рамките на акредитацијата се плаќаат 500 евра (30.745 денари), за одреден број денови. Локални експерти, кои се занимаваат со надворешна евалуација на институциите и студиските програми во рамките на акредитацијата се исплаќаат 25.000 леки (13.085 денари), за одреден број денови.[45]

Изработила: Александра Стојановска Бизевска

Одобрила: Ивана Арсовска Трајановиќ

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

__________________________________

Златко Атанасов

[44]Член 28 од Одлуката на министри за организацијата и функционирањето на осигурување на квалитет на Агенцијата за високо образование и одборот за акредитација и определување на надоместоците за процесите за оградување на квалитет во високото образование на Албанија https://www.ascal.al/media/documents/legjislacioni/No.%20109,%20dated%2015.02.2017.pdf пристапено на 15.6.2022 година

[45]Анекс 1 од Одлуката на министри за организацијата и функционирањето на осигурување на квалитет на Агенцијата за високо образование и одборот за акредитација и определување на надоместоците за процесите за оградување на квалитет во високото образование на Албанија https://www.ascal.al/media/documents/legjislacioni/No.%20109,%20dated%2015.02.2017.pdf пристапено на 15.6.2022 година

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Закон за високо образование на РСМ https://mon.gov.mk/page/?id=2055
2. Интернетска страна на Националниот совет за високо образование на Србија http://nsvo.gov.rs/%d0%be-%d0%bd%d1%81%d0%b2%d0%be-2/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b8-%d0%bd%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b8-%d0%b7%d0%b0-%d1%80%d0%b0%d0%b4-%d0%bd%d1%81%d0%b2%d0%be/
3. Закон за високо образование на Србија http://nsvo.gov.rs/wp-content/uploads/2020/02/Zakon-o-visokom-obrazovanju_-88_2017-41-27_2018-3-dr.-zakon-73_2018-7-67_2019-3-6_2020-3-dr.-zakon-6_2020-20-dr.-zakon.pdf
4. Извештај за работата на Националниот совет за период од април 2018-децембар 2018 http://nsvo.gov.rs/wp-content/uploads/2019/02/Informator-NSVO-2018.docx-11-januar-2019.pdf
5. Интернетска страница на Собрание на Република Северна Македонија https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=a875d162-583f-4fea-8610-222af2c6fab9
6. Интернетска страна на Националниот совет за наука, високо образование и технолошки развој на Хрватска https://www.nvzvotr.hr/
7. Годишниот извештај за работата на Националниот совет на Хрватска, за периодот 2019-2020 година https://www.nvzvotr.hr/images/izvjesca/Izvje%C5%A1%C4%87e%20o%20radu%20NVZVOTR%202020.pdf
8. Закон за научна дејност и високо образование на Хрватска https://www.zakon.hr/z/320/Zakon-o-znanstvenoj-djelatnosti-i-visokom-obrazovanju
9. Интернетска страна на Агенцијата за наука и високо образование https://www.azvo.hr/hr/
10. Правилникот за работа на Националниот совет https://www.nvzvotr.hr/images/documents/Poslovnik%20o%20radu%20Nacionalnog%20vijeca%20za%20znanost%20visoko%20obrazovanje%20i%20tehnoloski%20razvoj.pdf
11. Интернетска страна на Националната агенција за обезбедување на квалитет и развој на консултантската работа во високото образование на Словенија https://www.nakvis.si/about-sqaa/history/?lang=en
12. Правилникот за работа на Агенцијата https://www.nakvis.si/about-sqaa/agency-council/?lang=en
13. Одлуката за формирање на Националната агенција за обезбедување на квалитет и развој на консултантската работа во високото образование на Словенија http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=AKT_612
14. Одлука на министри за организацијата и функционирањето на осигурување на квалитет на Агенцијата за високо образование и одборот за акредитација и определување на надоместоците за процесите за оградување на квалитет во високото образование на Албанија https://www.ascal.al/media/documents/legjislacioni/No.%20109,%20dated%2015.02.2017.pdf


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
part.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384